ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-1915/28
Датум, Data 01-04-2025
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија, член 19 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а врз основа на Јавнот оглас бр.1/2025 година за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација – Скопје на неопределено време објавен во дневните весници Вечер, Коха и Слободен печат, директорот на претпријатието донесе

# О Д Л У К А

за избор на кандидат за склучување
Договор за вработување на неопределено време

## Член 1

Од пријавените кандидати по Јавниот оглас објавен во дневните весници Вечер, Коха и Слободен печат на ден 06.03.2025 година, за засновање на работен однос на 1 (еден) извршител на работно место Санитарен техничар КДР0305Б04007 во Одделение за санитарна контрола, Сектор санитарна контрола (Лабораторија) – 1 (еден) извршител, се избра кандидатот:

**1. Кети Давчева**

## Член 2

Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација – Скопје, Записникот од спроведената административна селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх. Бр.0401-1915/20 од 26.03.2025 година, и Записникот од извршената селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх.бр.0401-1915/27 од 28.03.2025 година, по Јавен оглас бр.1/2025 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација - Скопје на неопределено време.

**Член 3**

Избраниот кандидат ќе заснова работен однос на ден 10.04.2025 година со потпишување на Договор за вработување помеѓу работникот и работодавачот.

**Член 4**

Одлуката за избор да се достави до кандидатот и да се објави на интернет страницата и на огласна табла на претпријатието.

**Член 5**

За спроведување на одлуката се задолжува Сектор Човечки ресурси.

Образложение

Со одлуката арх.бр.0401-1915/1 од 03.03.2025 година донесена од директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје распишан е Јавен оглас бр.1/2025 за прием на даватели на јавна услуга на неопределено време за работно место Санитарен техничар КДР0305Б04007 во Одделение за санитарна контрола, Сектор санитарна контрола (Лабораторија).

Јавниот оглас бр.1/2025 беше објавен на ден 06.03.2025 година во дневните весници Вечер, Коха и Слободен печат.

Комисијата за селекција на кандидати по јавниот оглас бр.1/2025 за вработување на даватели на јавна услуга на неопределено време на ден 26.03.2025 година изврши административна селекција на документите од кандидатите кои аплицирале при што констатира дека на јавниот оглас бр.1/2025 за вработување на даватели на јавна услуга за работното место место Санитарен техничар КДР0305Б04007 во Одделение за санитарна контрола, Сектор санитарна контрола (Лабораторија) – 1 (еден) извршител, се пријавиле вкупно 2 (два) кандидати.

Комисијата од кога ги разгледа документите од кандидатите Кети Давчева и Владимир Силјановски кои аплицирале, ја изврши административната селекција и утврди дека апликацијата бр.0401-1915/13 од 20.03.2025 година е уредна, додека апликацијата бр.0401-1915/11 од 19.03.2025 е неуредна.

По спроведено интервју со кандидатот кои ги исполнуваат условите предвидени со јавниот оглас, комисијата за селекција на кандидатот изготви Записник арх.бр.0401-1915/27 од 28.03.2025 година со конечна ранг листа со име и презиме на кандидатот со освоени вкупно бодови од сите фази на селекција и му предложи на директорот, согласно член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на

однесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги, а врз основа на Јавниот оглас бр.1/2025 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејност и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III и подгрупа 5 во ЈП Водовод и канализација -Скопје на неопределено време објавен на ден 06.03.2025 година во дневните весници Вечер, Коха и Слободен Печат, да донесе одлука со која за склучување договор за вработување за работно место Санитарен техничар КДР0305Б04007 во Одделение за санитарна контрола, Сектор санитарна контрола (Лабораторија), ќе се избере кандидатот:

1. Кети Давчева

Врз основа на горенаведеното, се донесе одлука како во депозитивот.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација- Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Кандидатот
- Сектор човечки ресурси х 2
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
Директор,
м-р Тони Миновски